**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шеснаесеттото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Стојан Андов, Благородана Дулиќ, Данаил Дончев, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Абдуладии Вејсели, Ѓорѓи Оровчанец ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Прелдлогот на законот.

Јаневска Весна отсутна.

Јакупи Зумрете отсутна.

Грковска Славица отсутна.

Хани Тахир отсутен.

Сите кои се пријавени за збор се отсутни.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

(Во сала влегуваат пратеници. Пратениците на ДУИ протестираат на заклучувањето на расправата. Пратеникот Рафис Алити приоѓа кон претседателот велејќи дека не може да ја заклучи расправата).

**Рафис Алити:** Прво треба да кажеш оправдано кој отсуствува.

**Љубиша Георгиевски:** Ги прочитав тие, ги прочитав.

**Рафис Алити:** Не, не, остави тоа. Има пријавени за збор.

**Љубиша Георгиевски:** Немаше никој. Ги прочитав и нив.

**Рафис Алити:** Не, не, има пријавени за збор.Има пријавени за збор.

**Љубиша Георгиевски:** Ги прочитав.

Давам пауза половина час.

Половина час пауза.

**Рафис Алити:** Не, не,не можеш да заклучиш.

Има пријавени за збор.

(Аплауз од присутните пратеници).

(Седницата прекина поради пауза во 11,04 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,01 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со Шестата седница.

Бидејќи нема услови за гласање...

(Пратеникот Рафис Алити бара збор процедурално).

Процедурално, повелете.

Рафис Алити, процедурално, три минути.

**Рафис Алити:** Се гледа јасно дека ова парламентарно мнозинство, се разбира заедно со претседавачот Георгиевски, како што почна така и ја завршува оваа точка од дневниот ред Предлог-законот за полиција.

Го велам ова затоа што не се испочитува Охридскиот договор со една пола влаинка, пола македонка, се наруши Бадинтеровото мнозинство тука, не се испочитува Уставот, нешто што, повторно треба повторн да размисли за тоа парламентарното мнозинство, се разбира и ние кои не сме во тоа парламентарно мнозинство, не се почитува Деловникот за работа на Собранието уште од почетокот до сега. Претседавачот на оваа седница, свесен дека пратениците...

(Дофрлање од место)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам тишина.

**Рафис Алити:** Излези и говори на говорница. (Дофрлање од место)

**Љубиша Георгиевски:** Не, ве молам, јас ќе интервенирам ако треба. (Дофрлање од место)

Јас ќе интервенирам ако треба.

Продолжете господине Алити.

**Рафис Алити:** Претседавачот Георгиевски ја затвора расправата на нерегуларен начин без да им се каже на пратениците дали некој, без да праша дали некој сака да земе збор, без да се прочитаат имињата на сите кои беа на листата. Имаше пријавено осум пратеници за земање на збор. Од нив се прочитани само четири имиња.

Јас бев внатре во тоа време, кога Георгиевски виде дека јас сум внатре и пратеникот Незири, тој сепак вели дека ја затвора седницата и си оди од тука.

Господине, вие можете да ги усвојувате, донесувате законите и без наше присуство, може воопшто да не отворите расправа, на крајот на краиштата го имате тој механизам, така го усвоивте и Уставот од 1992 година без консензус, без гласот на албанците па бевте принудени да го менувате тој устав.

Ние, овој Предлог-закон не што не го поддржуваме, ние ги дадовме нашите забелешки и, се разбира, дека овој Предлог-закон...

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално ве молам.

**Рафис Алити:**...За сите општини и пратеници каде што се Албанци...

Вие може да ме слушате Георгиевски, за сите пратеници кои што, всушност за сите градоначалните каде што раководи ДУИ овој Предлог-закон ќе биде неприфатлив за тие градоначалници и за мнозинското албанско население.

Вие господине, можете да одите и да се пофалите во Европа дека го усвоивме и го донесовме законот за полиција, меѓутоа тој закон бара поширок консензус, тој закон треба да биде во интерес на сите граѓани на Република Македонија.

Вие ова нешто не го направивте и не го обезбедивте. Вие не го штитите ниту интересот на оние од кои го добивте гласот. Вие преземавте закон што го имаше изготвено некој, сосема поинаков. Во текот на целото време со глава во песок се обидувате со тој закон ете, да кажете дека ќе ги исполниме тие услови што ги бара Европа. Тие услови не ги бара Европа за себе, ги бара за граѓаните на Република Македонија. Така што...

**Љубиша Георгиевски:** Сожалувам, три минути поминаа.

**Рафис Алити:** Немој да жалиш, жали се себе си.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи имавме процедурална интервенција од господинот Рафис Алити, јас сум должен да дадам објаснување.

Моето објаснување се состои во тоа што барам да се подели транскриптот односно стенограмот од тој момент на сите пратеници и на сите новинари. Благодарам.

Сега, продолжуваме со седницата.

(Процедурално бараат збор пратеници од опозицијата).

Уште ова процедурално. Повеќе филибастеринг нема. Три минути, последно, повелете.

(Реакции од пратениците).

Не, Незири е од друга партија. Затоа.

(Реакции од пратениците дека пратеникот што доби збор процедурално е од коалцијата ДУИ-ПДП).

Процедурално. Тоа е коалција, ама друга партија. Повелете три минути.

Повеќе филибастеринг нема да има.

**Сафет Незири:** Почитувани пратеници,

Јас мислам дека кога првиот меѓу еднаквите во ова Собрание прави едно флагрантно кршење на Деловникот на Собранието на Република Македонија, што треба да чекаме од другите учесници во ова Собрание, доколку некогаш намерно или ненамерно се наруши овој Деловник, што треба да чекаме од нашите граѓани ако правните одредби во оваа држава не ги почитува првиот од Собранието, не го почитува и свеста не му е на ниво како што треба. Им го одзема правото на пратениците кои се јавиле за збор во ова Собрание.

Само сакам да му укажам и вам како парламентарци, но и на претседавачот и на пошироката јавност во Република Македонија дека членот 82 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, ставот 2 вели:

"Претседателот на Собранието на пратениците им дава збор според редоследот на пријавувањето".

Според членот 75: "Претседтелот на Собранието констатира дека расправата е завршена кога ќе констатира (велам кога ќе констатира) дека веќе нема други пријавени дискутанти".

А јас, овде го имам стенограмот. Нека ова го слушнат и средствата за јавно информирање и јавноста дека меѓу пријавените дискутанти на оваа говорница бев и јас. Беше и Валентина Божиновска, беше и Џевад Адеми. Јас говорам за мене, говорам за себе. Меѓу другото вели вака: - Продолжуваме со расправата по предложениот текст, и читам:

"Јаневска Весна отсуствува.

Јакупи Зумрете отсуствува.

Грковска Славица отсуствува.

Хани Тахир отсуствува".

Ниту еден друг по овие пријавени не ги прочита и после, господинот Георгиевски, иако му е тоа статусна обврска, тоа му е обврска по Деловникот на Собранието, а му е и законска обврска. Му е обврска според Уставот на Република Македонија, да ги почитува сите пратеници пријавени за з бор, без оглед дали се говори за пратеници од мнозинството или се говори за пратеници од опозицијата.

Јас барам од господинот Георгиевски да се врати, нека ја преиспита одлуката, бидејќи може да имаме последици од тоа. Но, последиците што ќе бидат во иднина, јас неможам да ги предвидам тие последици. Поголема одговорност сноси првиот меѓу еднаквите кој е позади мене, а после граѓаните, ако не го почитуваат овој закон, сите инстанци во општините...

**Љубиша Георгиевски:** Сожалувам, ви истече времето. Благодарам.

Моето објаснување е исто. Ќе се подели стенограмот на сите пратеници, на сите новинари.

Овде ја прекинувам седницата. Ја закажувам во понеделни во 11,30 часот.

Во понеделник, во 11,30 часот, Шеста седница.

Благодарам на соработката.

Итната седница ја најавувам за попладне во 16,00 часот.

Поделени ви се материјалите. Тоа е друга седница.

Шестата седница, уште еднаш подвлекувам, во понеделник во 11,30 часот. Немојте да ве бунат некои други програми што се паралелни со тоа. Постигната е согласност со Крис Хеншел. Се ќе биде на ред.

Значи, во 11,30 часот со Шесттата седница, понеделник.

(Седницата прекина со работа во 12,11 часот)